**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-182/6**
**Скопје,23.11.2023 година**

Записник од деведесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 23.11.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-дин Антонио Јолевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесетта седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја отвори деведесеттата седница и воедно кажа дека има техничка грешка во поглед на записникот и наместо усвојување на записникот од 88 (осумдесет и осмата) седница, треба да стои усвојување на записникот од 87 (осумдесет и седмата) седница на Советот

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што дневнот ред ќе гласи:

1. Разгледување и усвојување на записниците од 87 (осумдесет и седмата) и 89 (осумдесет и деветтата) седница.
2. Усвојување на пречистениот текст на Етичкиот кодекс на јавните обвинители
3. Одлучување по дисциплинскиот предмет СОЖ бр. 3/23
4. Донесување на одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидат за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, со изборно место бр.4.
5. Донесување на одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, со изборно место бр.4
6. Разно

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 87 (осумдесет и седмата) и 89(осумдесет и деветтата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, кажа дека членовите на Советот запознаени се со предлог текстот на Етичкиот кодекс на јавните обвинители и предложи доколку членовите на Советот се согласни, истиот да биде усвоен.

Од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоен пречистениот текст на Кодексот на јавните обвинители.

Под точката три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека заради заштита на угледот на јавните обвинители против кои се водат дисциплинските постапки, предложи јавноста да ја напушти седницата и воедно предлогот го стави на гласање. Предлогот на Претседателот на Советот, едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што јавноста ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека сите членови на Советот се запознаени со мислењето дадено од страна на Комисијата за постапување по жалби, и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ицет Мемети кој кажа дека Советот ги добил списите и жалбите по однос на оваа точка од дневниот ред, и дека била формирано Комисија на Советот во состав од членовите на Советот на јавните обвинители на, РСМ, и дека согласно Законот е изготвено мислење. Воедно кажа дека и покрај тоа што членовите на Советот се запознаени со предметот, сепак сметаше дека е добро да го реферира мислењето на Комисијата. При што кажа дека до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија беа доставени списите по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.3/23 оформен против јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, и јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција -Скопје, заради одлучување по жалбите поднесени против решението на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавен онбвинител во вршење на јавно обвинителска функција А бр.03-499/19 од 30.03.2023 година.

Со ова Решение јавниот обвинител во ОЈО Скопје, е огласена за одговорна за сторена тешка дисциплинска повреда од чл. 91 ал.6 од Законот за јавно обвинителство и до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е поднесен предлог, на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, за сторената тешка дисциплинска повреда да и биде изречена дисциплинска мерка РАЗРЕШУВАЊЕ, од чл.95 ст.2 ал.2 од Законот за јавно обвинителство.

Со ова Решение јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје е огласена одговорна за сторена тешка дисциплинска повреда од чл. 91 ал.6 од Законот за јавно обвинителство и е изречена дисциплинска мерка НАМАЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНАТА ПЛАТА ВО ВИСИНА ОД 30% (триесет проценти) ОД ИСПЛАТЕНАТА НЕТО ПЛАТА ВО ТРАЕЊЕ ОД (6) ШЕСТ МЕСЕЦИ, од чл.95 ст.2 ал.1 од Законот за јавно обвинителство.

Против донесеното решение благовремена жалба изјавила јавниот обвинител во ОЈО Скопје, во кое не се наведени основите поради кои истото се напаѓа, меѓутоа од содржината на жалбата може да се заклучи дека решението се напаѓа поради погрешно утврдена фактичка состојба. Против донесеното решение жалба изјавила и јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје, во која изричито наведува дека решението го напаѓа поради погрешно утврдена фактичка состојба.

Јавнио обвинител во ОЈО Скопје и јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје во жалбите наведуваат дека не постапиле по укажувањето на Јавното обвинителство на РСМ затоа што се работи за Укажување по конкретен предмет, а такви укажувања од повисоките обвинителства не може да се даваат. Комисијата смета дека ваквиот навод е неоснован од причина што во конкретниот случај не се работи за укажување за

постапување по конкретен предмет бидејќи во конкретниот случај не се упатува на превземање конкретни дејствија или донесување конкретна одлука по предметот туку за принципиелно постапување при заведување односно презаведување на предмет во уписник согласно Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства.

Во жалбите јавниот обвинител во ОЈО Скопје и јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје, наведуваат дека не е точно дека навеле невистинити податоци во барањето за издавање Наредба за претрес до Судот, дека се водела предистражна постапка. Комисијата смета дека ваквите наводи исто така се неосновани, а од следните причини:

Неспорно е дека од приемот на кривичната пријава на 03.05.2022 година па до 18.07.2022 година, не било превземено никакво дејствије во предметот од јавен обвинител. Во однос на ова јавниот обвинител во ОЈО Скопје во својата изјава истакнува дека од нејзина страна немало превземено никакво дејствије во тој период, а и јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје, изјавува дека во предметот била само кривичната пријава и немало други докази кога таа го зела на 18.07.2022 година. Од ова се заклучува дека во конкретниот предмет немало превземено истражни дејствија или било какви други дејствија од јавен обвинител, односно не била во тек предистражна постапка и не биле собирани докази, податоци и информации во однос на наводите во пријавата. И од службената белешка од извршениот надзор РО бр.257/22 од 21.07.2022 година, на Јавното обвинителство на РСМ се утврдува дека освен кривичната пријава, податоци од ХОСТ систем за пријавениот и барање за претрес РО бр.155/22 од 18.07.2022 година, други списи во предметот немало, а анонимната кривична пријава, документацијата од ХОСТ системот и барањето за претрес РО бр.155/22 се во прилог на службената белешка РО бр.257/22 од 21.07.2022 година, на Јавното обвинителство

на РСМ наведени со броеви 1, 2 и 3 како прилози.

Комисијата смета дека правилен е заклучокот на дисциплинската Комисија дека со ваквото однесување на јавните обвинители може во иднина во целост да се загрози и функционирањето на јавното обвинителство, така што секој може да заведува предмети како што самиот цени, потоа да се прават поднесоци од еден јавен обвинител, а да ги потпишува друг обвинител и притоа секој да дава разни изговори зошто тоа го сторил, со што би се довела во прашање самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител при постапувањето, а со тоа ќе се зголеми и ризикот од злоупотреби на функцијата односно би се загрозила законитоста во постапувањето.

Во жалбата изјавена од јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје се наведува дека не е јасно како е утврдено дека од нејзина страна е сторена тешка дисциплиска повреда кога таа изготвила барање за издавање Наредба за претрес, но по укажување и Наредба на претпоставениот односно таа во ниту еден момент нема донесено било каква одлука по предметот.

Комисијата смета дека ваквиот жалбен навод е истотака неоснован од причина што постапувањето по Наредба на претпоставениот врз основа на принципот на хиерархија во јавното обвинителство не значи целосно прифаќање и извршување на Наредба од претпоставениот без сопствена оценка на законитоста во постапувањето односно на законитоста на дејствието кое треба да се превземе. Наредбата на претпоставениот во никој случај не може да ја исклучи одговорноста на јавниот обвинител кој непосредно го превзема дејствието. Ова произлегува од член 3 од Законот за јавно обвинителство каде во став 3 стои: почитувањето на принципите од ставот 1 на овој член (принципите на хиерархија и субординација) не смее да ја загрози самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител во вршењето на функцијата.

Имајќи го предвид сето напред наведено Комисијата на Советот смета дека Комисијата за утврдување на дисциплниска одговорно

ст на јавен обвинител во вршењето на јавнообвинителската функција правилно ги анализирала и оценила изведените докази во дисциплнискиот предмет и правилно утврдила дека јавниот обвинител во ОЈО Скопје и јавниот обвинител во ОЈО ГОКК-

Скопје како јавните обвинители постапувајќи на начин како е опишано во диспозитивот на решението ги сториле наведените тешки дисциплински повреди.

Во овој случај не се работи само за сторена тешка дисциплинска повреда, туку и повеќе од тоа. Ако Советот не го нотира ова би направил преседан со последици за општеството. Нема обвинител кој не знае што се случило., и воедно се запраша каква порака може Советот да испрати, со тоа би ги охрабриле и други во иднина да постапуваат на ваков несовесен, непрофесионален и против законит начин.

Збор зема г-ѓа Јасна Жежова истакна дека Комисијата го дала своето мислење едногласно, смета дека постапката од страна на првостепената Комисија е правилно спроведена, дека биле изведени сите докази, дека е утврдена фактичката состојба која како што кажа произлегува од изјавите на јавните обвинители против кои е поведена дисциплинската постапка. Кажа дека жалбите биле прилично обемни, меѓутоа Комисијата во Советот ги свела на три точки и од тие причини дале образложение по тие точки и смета дека правилно е утврдена фактичката состојба, жалбите на јавните обвинители Вилма Русковска и Ивана Трајчева се неосновани, истите треба да се одбијат, односно да се прифати предлогот на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција за изрекување на мерка разрешување од функција јавен обвинител за јавниот обвинител Вилма Русковска, а за јавниот обвинител Ивана Трајчева да се потрврди утврдената мерка намалување на месечна нето плата од 30% во време траење од шест месеци.

Г-дин Антонио Јолевски потенцираше дека се работело за анонимна кривична пријава, по која било постапувано со наредба за претрес за да се обезбедат документи. Истакна дека тука постои опасност од злоупотреба на функцијата. Кажа дека од извештајот на ОЈО ГОКК-Скопје било утврдено дека има незаведени предмети подолг временски период и по кои предмети сеуште не било постапено. Потенцираше дека хирархијата и субординацијата мора да се почитува. Кажа дека останува на мислењето на Комисијата за постапување по жалби во Советот.

Г-ѓа Фиданка Рајевска на кратко се осврна во делот за анонимната кривична пријава, која што била предмет на постапување, кажа дека во пријава нема никакви индиции ниту било какви докази. Смета дека доколку се прифати таков начин на постапување би се направило опасен преседан со што би се загрозиле правата на граѓаните и би се створија тотална анархија и хаос во постапувањето. Кажа дека мислењето на Комисијата која постапувала по жалбите е многу добро сработено, дека содржи се што е потребно. Воедно се осврна на жалбените наводи од страна на јавните обвинители и кажа дека истите се паушални и непоткрепени со докази. Воедно го подржа мислењето на Комисијата за постапување по жалби, да се потврди првостепеното решение на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција, и да се одбијат жалбите на јавните обвинители.

Г-ѓа Кети Петкова даде свое лично мислење кое е надвор од мислењето на Комисијата за постапување по жалбите, каде смета дека се најбитни двата аспекта и тоа непочитување на хирархиската поставеност и задолжителното упатство и непостапувањето по барањето на јавниот обвинител на РСМ. Смета дека станува збор за непочитување на законот, и ова е повеќе од дисциплинска повреда. Воедно се сложи со мислењето на Комисијата за постапување по жалбите кажа дека е суштински напишано, концизно и јасно. Даде мала сугестија и кажа дека јавниот обвинител Вилма Русковска има право на жалба пред Управен суд, а за јавниот обвинител Ивана Трајчева конечна е постапката. Кажа кога се разгледуваат жалбените наводи дека истите заедно се напишани, предложи решениајта да бидат посебни за секој јавен обвинител.

Отткако никој не зема збор јавноста беше повикана да се врати на седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање на предлогот на Комисијата за постапување по жалбите, да се одбие жалбата поднесена од страна на јавниот обвинител Вилма Русковска, јавен обвинител во ОЈО Скопје, против

решението на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција.

Едногласно беше констатирано да се одбие жалбата на јавниот обвинител Вилма Русковска против решението на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција.

Решението на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција за изрекување на мерка разрешување од функција јавен обвинител за јавниот обвинител Вилма Русковска беше ставено на гласање.

Едногласно беше усвоен предлогот на Комисијата за разрешување од функција јавен обвинител во ОЈО Скопје, за јавниот обвинител Вилма Русковска.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за разрешување од функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, за јавниот обвинител Вилма Русковска поради сторена тешка дисциплинска повреда од чл.91 ал.6 од Законот за јавното обвинителство заклучно со 23.11.2023 година.**

Предлогот на Комисијата за постапување по жалба да се одбие жалбата на јавниот обвинител Ивана Трајчева , јавен обвинител во ОЈО ГОКК - Скопје, против Решението на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција беше ставен на гласање.

Советот едногласно донесе одлука да се одбие жалбата на јавниот обвинител Ивана Трајчева против решението на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција и да се потврди Решението на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција за изрекување на дисциплинска мерка намалување на месечна нето плата во висина од 30% во траење од шест месеци.

Под точката четири од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека Советот треба да гирмира Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидат за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од подрачјето на ВЈО Штип и воедно за членови на Комисијата предложи да бидат г-дин Арбер Исаку-Претседател, г-ѓа Кети Петкова – член и г-ѓа Фиданка Рајевска – член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен.

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да фоирмира и Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на ВЈО Штип и воедно за членови на Комисијата предложи да бидат г-дин Влатко Георгиевски – Претседател, г-ѓа Светлана Жупаноска-член и г-дин Ермон Незири-член, г-дин Антонио Јолевски – заменик претседател г-дин Ицет Мемети-заменик член и г-ѓа Душица Димитриеска-заменик член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Совето г-ѓа Душица Димитриеска ги информираше членовите на Советот со содржината на известувањето доставено до Советот од страна на ОЈО Битола, а се однесува на намалениот број на јавни обвинители во ова јавно обвинителство. Воедно предложи смета дека ова известуваење треба да се проследи до Јавното обвинителство на РСМ, за да се разгледа можноста за времено упатување на јавен обвинител во ова јавно обвинителство.

Г-дин Ицет Мемети кажа дека со ова прашање Советот постојано се судрува и смета дека со упатување на јавен обвинител во друго јавно обвинителство не се решава проблемот. Кажа дека не станува збор само за ОЈО Битола, и смета дека треба да се најде начин како да се издејствува да се најдат јавни обвинители и да се упатат. Направи споредба со Судскиот совет каде што кажа дека тој орган упатува судии, а во конкретниот случај тоа е Јавниот обвинител на РСМ. Со кмислење е да се разговара со јавниот обвинител на РСМ и да се решат овие настанати ситуации не само за ОЈО

Битола, туку и за останатите јавни обвинителства каде што недостасува јавно обвинителски кадар.

Г-дин Антонио Јолевски кажа дека согласно Законот, Советот може да упатува јавни обвинители во друго јавно обвинителство и затоа јавните обвинителства се обраќаат до Советот. Смета дека Советот треба добро да размисли во врска со упатувањата за да нема колизија во законите, и да се изнајде најдибро решение.

Г-дин Ицет Мемети предложи за ова прашање да се дискутира на една од наредните седници и да се оди со конкретни предлози.

Г-ѓа Фиданка Рајевска даде предлог за одржување на заеднички состанок и да се формира работна група во Советот, која ќе отиде во Јавното обвинителство на РСМ на состанок каде ќе се дискутира за ова прашање.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се согласи со дадениот предлог на г-ѓа Фиданка Рајевска и воедно предложи работната група да ја сочинуваат г-дин Антонио Јолевски,г-ѓа Кети Петкова, г-ѓа Фиданка Рајевска и г-ѓа Душица Димитриеска.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на работниот документ 2021-2023 година, меѓународен проект за набљудување на судските процеси и борба против корупцијата во Западен Балкан имплиминтиран од страна на ОБСЕ.

Под истата точка од дневниот ред г-ѓа Фиданка Рајевска ги запозна членовите на Советот со содржината на писмената информација доставена од страна на Основниот јавен обвините на ОЈО Битола, а се однесува на конкретен кривичен предмет. Воедно кажа дека дописот ќер биде препратен до ЈОРСМ на понатаможно постапување.

Отткако никој не зема Претседателот на Советот ја заклучи деведесеттата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**